

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊЕ.

# КОИ СЕ НАШИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ



Биргит Бохл



Др. Марие фон дер Грубен



Игор Милев

Што е она коешто ја прави компанијата успешна? Еден добар производ самиот по себе нема да вроди со успех, ниту пак е единствениот фактор за одлуката на корисникот да купи нешто. Репутацијата на компанијата исто така може да влијае врз оваа одлука. За деловен успех е потребно нешто повеќе. Од членовите на управните тела, менаџментот и вработените коишто работат за Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком се очекува да се однесуваат на начин којшто е во согласност со законските обврски, на тој начин создавајќи суштински вредности како доверба, кредибилитет, стабилност и добра репутација.

Тоа нешто повеќе исто така го опфаќа и интегритетот и личната одговорност на секој вработен за неговите сопствени постапки. Од еден помалку апстрактен аспект, сите овие квалитети заедно ја претставуваат културата на усогласеност на компанијата базирана на вредности. Ова е фактор којшто исто така има влијание и врз успехот на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Деловниот успех не преовладува над законските обврски ниту пак е неповрзан со моралот или интегритетот. Начинот на кој Дојче Телеком и Македонски Телеком остваруваат деловен успех е исто толку важен колку што е и самиот успех, а Кодексот на однесување обезбедува ориентациона рамка во овој поглед. Во него се искомбинирани два суштински аспкети. Од сите вработени се очекува да ги исполнуваат законските обврски и да се одликуваат со личен интегритет при однесувањето. За Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком, Кодексот на однесување претставува истовремена комбинација помеѓу внатрешните барања и ветувањето кон јавноста. Тој исто така осигурува Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком да останат транспарентни компании во чиешто работење секој може да има увид.

Кодексот на однесување важи за сите членови на управни тела, менаџментот и вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Исто така, тој важи и за оние лица коишто се гледаат како еквивалент на вработени од функционален аспект, односно лицата што се времено ангажирани преку агенција. Во него е дадено резиме на вредностите на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком и е утврден видот на однесување којшто лицата што работат за него се должни да го практикуваат.

Секогаш кога е неопходно, основните принципи на Кодексот на однесување се подетално утврдени во внатрешните политики и регулативи. Ова разбирање на вредностите бара од сите наши членови на управните тела, менаџментот и вработени да укажуваат на взаемна почит, признание и уважување при своето постапување едни со други. При спроведувањето на Кодексот на однесување, секоја деловна единица на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком мора да ги почитува како своите национални законски обврски, така и, врз основа на истите, индивидуалната култура на земјата во која тие функционираат.

Сепак, не би било доволно Кодексот на однесување да се користи чисто како општ водич. Тој треба да биде исполнет со живот и максимално активно промовиран од страна на лицата коишто служат за пример. Менаџментот на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком се првенствено лицата коишто треба да ја преземат функцијата на служење како пример, однесувајќи се на законски соодветен начин и оддавајќи кредибилитет. Тие исто така треба да осигурат дека нивните вработени се запознаени со содржината на Кодексот на однесување и разбираат какво однесување се бара од нив.

Кодексот на однесување и вредностите чиешто олицетворение е тој не се ограничени на вработените коишто се во редовен работен однос во Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Ова објаснува зошто Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком очекуваат од своите добавувачи и консултанти да се придржуваат кон правилата на однесување утврдени во овој Кодекс на однесување и да се вложуваат напори за да се осигури дека и тие се обврзани да се придржуваат кон овие правила врз основа на договор.

**Биргит Бохл**
Член на Одборот
одговорен за човечки
ресурси и правни работи,
Директор за работни односи

**Др. Марие фон дер Грубен**
Трибе Лидер за усогласеност
на ниво на Групација,
Главен директор
за усогласеност

**Игор Милев**
Претседател на
Одбор на директори
на Македонски
Телеком

**Поради сите погоре наведени причини, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ја утврдија следната содржина на својот Кодекс на однесување:**



# + 01
# КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ги почитуваат сите законски регулативи коишто го уредуваат управувањето и следењето на компаниите, а истовремено и ги почитуваат и применуваат меѓународно признаените стандарди на добро одговорно корпоративно управување.

Емил Расавац

# + 02 ДЕЛОВНИ ОДНОСИ

## 2.1 АКТИВНА КОРУПЦИЈА

Со цел да ја зачуваат довербата на своите корисници, деловни партнери, акционери и на јавноста, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком завземаат цврст став против каква било форма на корумпирано однесување и се оградуваат дури и од најмала сугестија за такво однесување. Имено, ова значи дека вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком не можат да нудат, ветуваат или да обезбедуваат придобивки на кој било јавен службеник во матичната земја или во странство, ниту пак на кои било лица надлежни за донесување одлуки коишто работат во приватниот сектор во нивната матична земја или во странство, со цел да стекнат повластен третман или поволна одлука за Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком треба ова секогаш да го имаат на ум во случај на подароци или покани за деловни оброци и настани.

## 2.2 ПАСИВНА КОРУПЦИЈА

Вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком не смеат да си дозволат да им бидат ветени или понудени придобивки и нема да прифаќаат какви било придобивки доколку тоа создава или би можело да создаде впечаток кај оние коишто ги овозможуваат придобивките дека тие можат на тој начин да влијаат врз деловните одлуки на вработените. Исто така, вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком никогаш не смеат да бараат какви било придобивки за себе или за трети лица.

## 2.3 ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ УСЛУГИ

Пазарот на јавни услуги претставува важен пазар за Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ги почитуваат правилата со кои се забранува недозволеното вршење на влијание при тендери во јавниот сектор и се обезбедува лојална конкуренција.

## 2.4 КОНТРОЛА НА ТРГОВИЈАТА

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком имаат воспоставено меѓународни деловни односи. На тој начин, тие се вклучени во глобалната трговија со стоки и услуги и се поддржувачи на слободната трговија. Во тој контекст, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ги почитуваат применливите трговски регулативи коишто се однесуваат на контролата на увозот/извозот и на ембаргата.

## 2.5 НАБАВКИ

Областа за набавки на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком и овластените лица се одговорни за набавката на стоки и услуги на професионален начин и по оптимални услови во корист на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Областа за набавки постапува во согласност со применливите закони на земјите во кои Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком работат. Со оглед на фактот дека заобиколувањето на Областа за набавки може да доведе до неповолности за Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком, на оваа Област ú е доделена одговорноста за сите активности за набавки.



Довербата и коректноста во сите деловни одлуки се неопходни елементи на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком при постапувањето со своите деловни партнери. Приватните интереси или личните придобивки на вработените немаат никакво влијание врз деловните одлуки.

Кетрин Милер

## 2.6 ДОБАВУВАЧИ

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком имаат воспоставено деловни односи со своите добавувачи коишто се базирани на доверба и коректност. За возврат, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком го очекуваат истото почитување и интегритет што тие им ги обезбедуваат на своите добавувачи. Добавувачите се честопати исто така и корисници. Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком се воздржуваат од искористување на каква било нефер предност во таквите ситуации и вршат строга поделба на поврзаните активности за купување и продажба. Какви било реципроцитетни аранжмани треба да бидат соодветно одобрени од страна на одговорниот сектор за набавки.

## 2.7 КОНКУРЕНЦИЈА

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком и нивните вработени имаат усвоено определба за лојална конкуренција во сите деловни односи. Тие осигуруваат да не биде склучен ниту еден аранжман со конкуренцијата, корисниците или добавувачите којшто ја ограничува ценовната конкурентност или пак се темели на поделба на производи или географски пазари. Ова особено важи за тендерите. Деловните одлуки се донесуваат независно и без никаква размена на чувствителни информации со конкуренцијата. Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ниту шират неточни информации во врска со производите или услугите на конкуренцијата, ниту пак се трудат да стекнат конкурентна предност на каков било нефер или злонамерен начин.

## 2.8 ТРАНСПАРЕНТНО ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Финансиското известување на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком се врши во согласност со меѓународните регулативи за финансиско известување и истото овозможува веродостоен и точен увид во неговите средства, обврски и резултати од работењето, како и во финансиската состојба.



Мишел Фуш

## 2.9 ДОНАЦИИ

Како одговорен припадник на општеството, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком преземаат социјална одговорност во сите земји во коишто е присутен. Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ја вршат улогата на поддржувачи и покровители на образованието, науката, културата, активностите поврзани со социјалната одговорност, спортот и заштитата на животната средина во поширока смисла, целосно врз основа на конкретните локални закони и интерните политики и регулативи, при тоа имајќи ги предвид своите финансиски можности. Оваа поддршка се обезбедува во форма на партнерства, парични и непарични донации и услуги. Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком не обезбедуваат никакви донации за целите на стекнување на комерцијална корист. При тоа, не се дозволени донации на поединци или приватни сметки, ниту пак на поединци или организации коишто потенцијално би можеле да им наштетат на интересите или имиџот на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком.

## 2.10 ПОЛИТИЧКИ ПРИДОНЕСИ

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком не вршат донирање на какви било средства за какви било политички партии или избрани функционери, ниту пак на истите им обезбедува какви било непарични придобивки надвор од законски дозволените граници.

## 2.11 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ги преземаат сите потребни мерки за да спречат активности на перење пари во својот домен на влијание.

## 2.12 СПОНЗОРСТВА

Спонзорствата се еден од корпоративните комуникациски инструменти на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Спонзорските активности се фокусирани во областа на спортот (главно фудбалот), музиката и активности поврзани со социјалната одговорност. Сите спонзорски активности мора да бидат во согласност со соодветниот законски систем на секоја земја и меѓународната политика за спонзорства. Сите спонзорски активности се вршат на транспарентен начин и вклучуваат соодветни и прегледни комуникации и услуги за маркетинг на страната на спонзорираните партнери /организатори.

## 3.1 ДОПОЛНИТЕЛНО ВРАБОТУВАЊЕ

Дополнителното вработување не смее да биде спротивно на интересите на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком; ова особено важи за дополнителното вработување кај конкуренцијата.

## 3.2 УДЕЛ ВО АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

Поседувањето удел во акционерски капитал од страна на вработени на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком во конкуренти или деловни партнери на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком којшто му овозможува на инвеститорот да врши влијание врз деловното работење не е во интерес на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком.



# + 03 ИЗБЕГНУВАЊЕ ДРУГИ ВИДОВИ НА КОНФЛИКТИ НА ИНТЕРЕСИ

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком очекуваат личните интереси на нивните членови на управни тела, менаџментот и вработените да не бидат во конфликт со неговите сопствени интереси.

Ванеса Макура



## + 04

# КОРИСТЕЊЕ НА ИМОТОТ НА КОМПАНИЈАТА ЗА ПРИВАТНИ ЦЕЛИ

Користењето на имотот на компанијата за приватни цели е дозволено само врз основа на индивидуален договор, колективен договор или компаниски регулативи или во случаи кога таквото користење претставува усвоена пракса во компанијата.

Габриела Додевска



# + 05 ПОСТАПУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ

Катја Гонзалез Валенсија

## 5.1 БЕЗБЕДНОСТ НА ПОДАТОЦИ

Безбедноста на податоците е од огромно значење за Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Таа претставува одлучувачки фактор за успехот и јавниот имиџ на компанијата. Токму поради тоа Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ги користат сите соодветни и разумни технички и организациски средства со кои располагаат за да ги заштитат податоците на компанијата и податоците на корисниците, деловните партнери, акционерите и вработените од неовластен пристап, недозволена или несоодветна употреба, губење или предвремено уништување. Тоа го прават во рамките на соодветните законски регулативи и националното законодавство, како и во согласност со сопствените политики и регулативи.

## 5.2 ПРИВАТНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком се свесни дека личните податоци на корисниците, деловните партнери, акционери и вработени коишто им се доверени се од исклучително чувствителна природа, поради што обезбедуваат заштита на тие податоци постапувајќи со нив на внимателен и одговорен начин. Според тоа, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком применуваат разновидни технички и организациски мерки за да обезбедат доверливост на личните податоци при своите активности. Секој поединец е одговорен во рамките на делокругот на своите задолженија да осигури високо ниво на приватност на податоците во Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком строго се придржуваат кон регулативите за приватност на податоците и особено ги почитуваат и запазуваат сите права на лицата чиишто податоци се собираат, обработуваат и користат.

## 5.3 ОПШТА ОБВРСКА ЗА ДОВЕРЛИВОСТ

Покрај техничките и организациските мерки за приватност на податоците, секој вработен на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком е обврзан да ги штити деловните интереси на компанијата. Поради тоа, сите информации коишто излегуваат од компанијата или пак информации поврзани со прашања на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком треба да им бидат соопштени само на лица овластени за примање на таквите информации, без оглед на тоа дали станува збор за вработени на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком или за трети лица. На сличен начин, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком обезбедуваат доверливост на информациите и ги штитат деловните документи од неовластен пристап.

## 5.4 ИНСАЈДЕРСКИ ИНФОРМАЦИИ

Со цел да се обезбеди интегритет на пазарот и да се зголеми довербата на јавноста во однос на финансиските пазари, вработените на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком ги почитуваат правилата со кои се забранува користењето на инсајдерски информации, особено правилата за доверливост, забраната за давање препораки или наведување на други лица и забраната за инсајдерски зделки.



# + 06

# УСОГЛАСЕНОСТ СО ПРАВИЛАТА НА ОДНЕСУВАЊЕ

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком очекуваат од своите членови на управните тела, менаџментот и вработените да се однесуваат во согласност со Кодексот на однесување.

Какво било прекршување на овие правила, законски обврски или интерни политики и регулативи може да има сериозни последици не само за поединците коишто го сториле истото, туку исто така и за Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком. Според тоа, нема да се толетира никакво несоодветно однесување сторено со намера.

Без никакви исклучоци, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком сериозно ќе казнат секакво несодветно однесување или прекршување на кои било законски одредби. При тоа, Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком нема да ги земат предвид рангот или позицијата на вработениот во рамките на компанијата.

Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком создаваат клима и атмосфера во која не постои страв од негативни последици со цел да се охрабрат вработените да ги пријавуваат прекршоците и несоодветното однесување, доколку тоа е потребно.

Дорота Бучински

# АНЕКС: ПРАШАЊА И БЕЛЕШКИ



Левент Доган

Директно претпоставените лица се првата инстанца за какви било прашања во однос на примената на Кодексот на однесување во секојдневното работење на вработените. Покрај тоа, воспоставен е и порталот за давање совети „Прашај ме!“ со цел да се обезбеди помош при разрешувањето на одредени несигурности до оној степен до кој станува збор за однесување поврзано со усогласеноста. Несоодветното однесување од сериозни размери треба да биде јавно истакнато за целите на спречување на истото и за целите на спроведување на соодветни санкции. За таа цел е воспоставен порталот за дојавување „Кажи ми!“.

## ПОРТАЛОТ „ПРАШАЈ МЕ!“

Прашањата поврзани со усогласеноста во однос на Кодексот на однесување и интерните политики можат да бидат упатени до порталот за давање совети „Прашај ме!“.

**Контакт информации за „Прашај ме!“**
E-Mail: **ask.compliance@telekom.mk**

## ПОРТАЛОТ ЗА ДОЈАВУВАЊЕ „КАЖИ МИ!“

Информациите во врска со можните прекршувања на законските обврски или интерните политики и регулативи можат да бидат упатени до порталот за дојавување „Кажи ми!“. Ниту едно лице коешто врши дојавување до овој портал нема да претрпи какви било непогодности, под услов однесувањето на самото тоа лице да било во согласност со применливите законски обврски. Овие дојави треба да се вршат врз основа на максимален степен на знаење и уверување. Сепак, доколку некој небрежно или намерно упати лажни или неосновани обвинувања или наводи, тогаш ќе се соочи со сите последици од таквото постапување.

Принцип на Групацијата Дојче Телеком и Македонски Телеком е вработените да се охрабруваат да зборуваат директно со своите претпоставени. На тој начин, проблемите честопати можат целосно да се разрешат. Доколку се изостави овој чекор, дојавите за несоодветно однесување можат да се достават преку редовна пошта, телефонски или по електронска пошта. Исто така може да се пријават и на „Кажи ми!“, анонимно. Сепак, анонимните дојави треба да се користат само во исклучителни ситуации кога постои стравување од сериозни негативни последици по самата личност, како на пример, причини што произлегуваат од законот за работни односи или последици од социјален карактер.

Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи, а нивната веродостојност ќе биде проверена од страна на специјално обучени лица кои се обврзани на доверливост.

**Контакт информации за „Кажи ми!“**
Македонски Телеком АД – Скопје
Адреса: Офицер за усогласеност на Македонски Телеком
Кеј 13 Ноември, Бр. 6, 1000 Скопје
Телефон: +389 2 3242530
E-Mail: **tell.me@telekom.mk**
Интранет:**http://mktintranet/areas/ceo/compliance/tellmemk/SitePages/Start.aspx**
Интернет: **https://www.telekom.mk/usoglasenost.nspx**

# АНЕКС: ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ



Има можност за доставување на приговори на Кажи ми! порталите на Групациите Мaѓар Телеком и Дојче Телеком:

**Информации за контакт на "Кажи ми!" на Мaѓар Телеком**
Адреса: Директор за усогласеност на ниво на Групација
1013 Budapest, Könyves Kálmán körút 36, Hungary
Телефон: +36 1 458 7780
E-Mail: **mondd.el@telekom.hu**

Интранет:**https://mtelekom.sharepoint.com/sites/megfeleloseg/SitePages/Bejelent%C3%A9s.aspx**

Интернет:**http://www.telekom.hu/about_us/about_magyar_telekom/principles/compliance**

**Информации за контакт на "Кажи ми!" на Дојче Телеком**
Адреса: Deutsche Telekom AG
FriedrichEbertAllee 140,
53113 Bonn, Germany
Телефон: +8000 38 24 835
E-Mail: **Tell-me@telekom.de**

Интранет:**https://yam-united.telekom.com/pages/compliance/apps/content/tellme**

Интернет:**https://www.telekom.com/en/company/compliance/whistleblowerportal**

Кодексот за човекови права и социјални принципи, според кој Дојче Телеком се обврзува, меѓу другото, да ги почитува и промовира човековите права (вклучувајќи ги и основните работнички стандарди на МОТ). Усогласеноста на Дојче Телеком со Кодексот за човекови права и социјални принципи се испитува еднаш годишно во сите компании на Групацијата ширум светот како дел од Извештајот за социјални перформанси.

Интернет:**https://www.telekom.com/en/corporate-responsibility/social-commitment/responsible-employer**

Интранет: **http://policies.telekom.de** со клучен збор "Code of Human Rights"

- Групната политика на Дојче Телеком за односи со вработените, која го елаборира односот помеѓу компаниите на Дојче Телеком и нивната работна сила

и

- Политиките на Групацијата Дојче Телеком, на пр. Политиката на Групацијата за прифаќање и доделување на бенефиции, Политиката за спонзорирање и Глобалната политика за набавки.

  Интранет: **http://policies.telekom.de**

- Прописи кои се важни за работните односи, на пример, договори за работа и колективни договори.

Интранет: **http://personal.telekom.de**

- Германскиот кодекс за корпоративно управување, кој беше формулиран од владина комисија, претставува репер за Дојче Телеком за добро и одговорно корпоративно управување.

Интернет: **http://www.dcgk.de/en/**

## ИМПРЕСУМ

Deutsche Telekom AG
Group Compliance
Friedrich-Ebert-Allee 140
53113 Bonn, Germany

Сите прикажани лица се вработени во Групацијата Дојче Телеком.

Од: февруари 2024